Националната федерација на фармерите (НФФ) е невладина и непрофитна организација која ги застапува земјоделците од сите региони на Северна Македонија и сите земјоделски подсектори. НФФ има за цел да ги штити економските, социјални и културни интереси на фармерите и работи на подобрување на пазарните и производствени услови, во насока на одржлив развој и висок квалитет во земјоделството и руралниот развој.

Мисија :
ОРГАНИЗИРАН ФАРМЕР - ЛИДЕР ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ НА РСМ

Визија:
ПРОФИТАБИЛНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО - СТАБИЛНО СЕЛО

НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ
Улица: „Гиго Михајловски“
Бр. 4 - 1/1, Скопје
веб страна: **www.nff.org.mk**
е-пошта: nff@nff.org.mk

ПЧЕНИЦАТА – СТРАТЕШКИ ПРОИЗВОД
ИЗВАДОК ОД НФФ АНАЛИЗАТА „КОРОНА КРИЗАТА И ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО“

ПЧЕНИЦАТА Е ЕДИНСТВЕНИОТ ПРОИЗВОД ВО РСМ КОЈ ИМА СТРАТЕШКО ЗНАЧЕЊЕ ДЕФИНИРАНО ВО ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ .

Со производство од приближно 240.000 тони годишно, нашата држава не ги задоволува своите потреби и е увозно зависна од овој производ.

240.000 тони пченица → **225.600 тони** брашно*

* доколку целата пченица се користи за производство на брашно!

→ **107 кг брашно** по жител

Тоа би значело дека сме на граница на задоволување на сопствените потреби. Согласно статистичките податоци, просечниот граѓанин на РСМ конзумира околу 105 кг брашно на годишно ниво.

Најголемиот увоз на пченица од околу 17 милиони евра во 2019 година имаме од Србија како најголем регионален производител

Но, бидејќи пченицата не ја користиме само за производство на брашно и леб, туку и за многу други преработки во индустријата за храна, секоја година увезуваме пченица, најчесто од земјите од регионот.

НФФ укажувања

Секоја година македонското производство на пченица едвај преживува!!!

- Цената на откупот е ниска,
- Не постои систем на гарантиран откуп и навремена исплата,
- Нема планска сеидба или договорно производство,
- Ретко се прави и интервентен откуп, иако постои законска можност.

Сето ова доведува до намалена употреба на современи технологии и инвестиции во производството и **го прави овој потсектор еден од најпогодените** (иако е единствениот стратешки).

Инфографикот е целосно финансиран од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА) и Шведската организација за развој We Effect. СИДА и We Effect не се одговорни за презентираното мислење во публикацијата. Авторите се одговорни за содржината.

The National Federation of Farmers (NFF) is a non-governmental and non-profit organization representing farmers from all regions of North Macedonia and all agricultural sub-sectors. The NFF aims to protect the economic, social and cultural interests of farmers and works to improve market and production conditions, with a view to providing sustainable development and high quality in agriculture and rural development.

Mission:
ORGANIZED FARMER – LEADER IN THE AGRICULTURAL AND RURAL DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Vision:
PROFITABLE AGRICULTURE – STABLE VILLAGE

NATIONAL FEDERATION OF FARMERS

Street: Gigo Mihajlovski No.4-1/1 Skopje
web: **www.nff.org.mk**
Email: nff@nff.org.mk

WHEAT – A STRATEGIC PRODUCT
EXCERPT FROM THE NFF'S "CORONA CRISIS AND AGRICULTURE" ANALYSIS

WHEAT IS THE ONLY PRODUCT OF STRATEGIC IMPORTANCE IN THE RNM AS DEFINED IN THE LAW ON AGRICULTURE AND RURAL DEVELOPMENT.

With production of approximately 240,000 tons yearly, our country does not meet its requirements and is import-dependent on this product.

240,000 tons of wheat → **225,600 tons** of flour*

* provided all of the wheat is used to produce flour!

→ **107 kg of flour** per capita

This means that we are on the verge of meeting our own requirements given that, statistically, the average person in the RNM consumes about 105 kg of flour each year.

The largest wheat import of about €17 million in 2019 came from Serbia as the largest regional producer

However, as we use wheat not only for the production of flour and bread but for many other purposes in the food industry, we import wheat every year, mostly from countries in the region.

The NFF cautions: Macedonian wheat production barely scrapes by each year!!!

- The purchase price is low,
- There is no guaranteed purchase or timely payment system,
- There are no planned sowing or contractual production arrangements,
- Intervention purchases are rarely made, even though they are legally allowed.

All of this leads to reduced use of modern technologies and investments in production and **makes this sub-sector one of the most affected** (despite being the only strategic one).

WE EFFECT

This infographic is fully financed by the Swedish International Development Cooperation Agency (SIDA) and the Swedish Development Organization We Effect. SIDA and We Effect are not responsible for the opinion presented in this publication. The authors take responsibility for the content.